Влада на Република Северна Македонија
Државен Инспекторат за животна средина

# ГОДИШЕН ПЛАН ЗА РАБОТА НА ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА ЗА 2021 ГОДИНА

| | | | |
|---|---|---|---|
| Дел. Бр. | 02-54/22 | | Ана Петровска<br>[име и презиме] |
| Датум: | 09.12.2020 година | | В.Д Директор<br>[функција / звање на раководител на инспекциска служба] |
| Место: | Скопје | (м.п.) | [потпис] |

## Резиме

Со Годишниот План за 2021 година се дефинираат надлежностите на инспекторите од Државниот Инспекторат за животна средина, мисијата, визијата, основите за подготовка на планот, субјектите и целите на инспекцискиот надзор, постапката и критериумите за вршење инспекциски надзор, процедурите за следење и оценување на реализацијата на инспекцискиот надзор.

Обврските и должностите на Државниот Инспекторат за животна средина проектирани на среден рок, ќе бидат фокусирани врз одржување на системот на заштита на животната средина во континуитет, особено од аспект на унапредување и контрола на системот на издадени дозволи и други одобренија (Интегрирано Спречување и Контрола на Загадувањето-Еколошки Дозволи и усогласување со новата Директива за Индустриски Емисии; решенија за одобрување на елаборати, дозволи за управување со опасен отпад и различните текови на опасен отпад, како и други форми на сертификација на активности и дејности од аспект на заштита на животната средина) и спроведување на легислативата.

Во планот е изготвена Анализа на ризици согласно претходно изработена Методологија за проценка на ризик при вршење инспекција во животната средина. Согласно Правилникот, во делот организација и раководење е прикажана организациската поставеност на инспекциската служба и раководењето со истата, а исто така е даден табеларен приказ на сите инспектори кои вршат инспекциски надзор во сите три области, животна средина, природа, водостопанство.

Во делот инспекциски надзор табеларно се прикажани податоци за сите планирани инспекциски надзори по општини и бројка за очекувани неправилности. Годишниот план за вршење на редовни инспекциски надзори е направен врз пресметката на ризикот кој произлегува од Методологијата за проценка на ризик која е одобрена од страна на Инспекциски Совет, а која е направена за областите на животна средина, заштита на природата и водостопанство. За секоја од областите се формирани подгрупи на ризик, во кои се дадени критериуми, соодветни и специфични за областа, со користење на индикатори преку кои им се дава „вредност на ризикот“ на критериумите, односно на субјектите кои припаѓаат во соодветната група. Секој од трите видови инспектори во ДИЖС има посебна ексел табела за секој од правните субјекти кои се предмет на надзор врз основа на Базата на податоци со која располага Инспекторатот.

Делот за обуките на инспекторите и административните службеници ги содржи сите информации за планирани обуки согласно годишните програми за реализација на истите.

Буџетот и финансирањето на Инспекторатот се прикажани табеларно со извадок од Буџетот на Република Северна Македонија со предвидени буџетски ставки по разни основи идентично како за сите државни институции.

Делот наменет за меѓународна соработка ги содржи сите активностите поврзани со овој вид соработка на која Инспекторатот е посебно горд и претставува најактивен инспекторат во оваа област.

Годишниот План завршува со информација за сите останати активности на Инспекторатот во текот на 2021 година.

## Анализа на ризици

Критериумите кои се базирани на документите на ЕУ, како што се "RMCEI"- Препораките на Европската Комисија за Минимум Критериуми за Инспекцијата во животната средина и "Правење на вистинските работи "(„Doing the right things"), а се во функција на остварување на Визијата на Државниот Инспекторат за животна средина се:

• Постоење на национален годишен план за инспекциски надзор

• Следење на работењето врз основа на индикатори и добиени резултати

• Програма за квалитет и конзистентност за инспекција на животната средина

• Тематски приоритети (пристап базиран на ризик)

• Изготвена стратегија за имплементација/применливост

• Прирачник за инспектори (вкл. RMCEI) и наменски прирачници

• Ефикасно користење на расположливите правни санкции

• Транспарентност на известување со помош на електронски алатки

• Одредби за 24/7 служба за надзор на животната средина

• Структуриран приод за обработка на поплаки/претставки

• Можности за координација и / или надзор

• Меморандум за разбирање меѓу државните и локалните инспектори

• Техничка и правна поддршка

• Програма за обука на инспектори (ментор систем вкл.)

• Постоење на акредитирани лаборатории за тестирање и анализа на мостри

• Потребна опрема за вршење на инспекциски надзор

Постоечката анализа на ризик се заснова на обработените податоци од претходно извршени надзори, како и на податоците кои што се прибрани од работењето на Државниот Инспекторат за животна средина во текот на 2020 година. Критериумите на дефинирањето на ризичните области се: број на идентификувани наоди во областа, висина на изречените казни, фреквенција на повторување на прекршоците кај субјекти во дадените области, влијание на прекршувањето во областа животна средина, природа и води.

(1) Предмет на инспекциски надзор ќе бидат следните ризични области:
- ризичните области во индустриско спречување и контрола на загадувањето (интегрирани еколошки дозволи);
- ризичните области во управувањето со отпадот (сите текови на отпадот);
- ризичните области во заштита на водите (водостопански субјекти);
- ризичните области во заштита на природата (управување со Национални паркови).

(2) Дефинирањето на ризичните области се базира на утврдените и очекуваните ризици од досегашните инспекциски надзори и врз основа на проценката по ризикот врз животната средина.

Подетален опис на ризичните области кои ќе бидат предмет на инспекциски надзор во текот на 2021 година се идентификувани во следниве области :
- Управување со опасен отпад (отпадно масло, батерии и акумулатори, електронски и електричен отпад и друго)
- Управување со неопасен отпад (складови со метален отпад и промет со забранети предмети и материјали)
- ИСКЗ дозволи (контрола на условите наведени во дозволите)
- Елаборати за животна средина (контрола на условите во елаборатите)

- Заштитени подрачја на природата (контрола на субјектите кои управуваат со заштитените подрачја и реализација на плановите за управување, недозволено депонирање на отпад на територијата на заштитеното подрачје, појава на пожари, недозволено собирање на заштитени животински и растителни видови),
- Управување со пакување и отпад од пакување.
- Заштита на водите од загадување и управувањето со водите од водостопански аспект, водостопански дозволи за зафат и испуштање на водите, тарифите за вода..

Принципот на превенција има исто така висок степен на застапеност при одредување на критериумите за определување на ризичните области.

## Табела за Коефициенти на сложеност по закони

| Постапување по закон | Време потребно за патување до субјектот (во два правци) | |
|---|---|---|
| | **≤ 1 час** | **>1 час** |
| 1.Закон за генетски модифицирани организми<br>2.Закон за хемикалии | **Q1 коефициент** | **Q2 коефициент** |
| 1.Закон за управување со пакување и отпад од пакување,<br>2.Закон за управување со батерии и акумулатори и отпад од батерии и акумулатори,<br>3.Закон за управување со електричен и електронски отпад,<br>4.Закон за заштита од бучава во животна средина.<br>5.Закон за водите<br>6.Закон за заштита на природата (Користење и употреба на природното наследство и природното богатство и др.). | **Q2 коефициент** | **Q3 коефициент** |
| 1.Закон за животна средина (Елаборати за заштита на животната средина и друго),<br>2.Законот за управување со отпад (управување со неопасен отпад и друго),<br>3.Закон за квалитет на амбиенталниот воздух,<br>4.Законот за водите (увид во документација, согласности, извештаи, дозволи, концесии и др).<br>5.Закон за заштита на природата (заштитени подрачја, дозволи за собирање на растителни и животински видови чување и одгледување на диви животински видови во заробеништво др.) | **Q3 коефициент** | **Q4 коефициент** |
| 1.Закон за животна средина (интегрирани еколошки дозволи, „фреони“,индустриски хаварии,инциденти...), | **Q4 коефициент** | **Q5 коефициент** |

| | | |
|---|---|---|
| 2.Закон за управување со отпад (управување со опасен отпад),<br>3.Закон за водите (сепарации, брани, водостопански објекти, испуштање на отпадни води, користење на водите и др).<br>4.Закон за заштита на природата (увид на лице место на високи планини, загадување и уништување на заштитени подрачја и др).<br>5. Закон за минерални суровини.<br>6.Закон за контрола на емисии од испарливи органски соединенија при користење на бензини. | | |

ПРЕСМЕТКА НА ВРЕДНОСТА НА КОЕФИЦИЕНТИТЕ НА СЛОЖЕНОСТ НА ИНСПЕКЦИСКИОТ НАДЗОР ЗА 2021 ГОДИНА

| **Коефициент на сложеност со вредност:** | Q 1 = 1 | | | Q 2 = 2 | | | Q 3 = 3 | | | Q 4 = 4 | | | Q 5 = 5 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Критериуми** | **Пара метар** | **%** | **Вред ност** | **Пара метар** | **%** | **Вред ност** | **Пара метар** | **%** | **Вред ност** | **Пара метар** | **%** | **Вредно ст** | **Пара метар** | **%** | **Вред ност** |
| 1. Услови во кои се врши инспекцискиот надзор и изложеноста на инспекторот за можни влијанија врз неговото здравје и живот | 1 | 25 | 0,25 | 1 | 30 | 0,6 | 1 | 30 | 0,9 | 1 | 35 | 1,4 | 1 | 35 | 1,75 |
| 2. Број на субјекти кои се предмет на надзорот | | 30 | 0,3 | | 20 | 0,4 | | 20 | 0,6 | | 15 | 0,6 | | 5 | 0,25 |
| 3. Број на прописи врз основа на кои се врши инспекциски надзор | | 25 | 0,25 | | 30 | 0,6 | | 25 | 0,75 | | 20 | 0,8 | | 25 | 1,25 |
| 4. Време потребно за инспекциски надзор (во часови) | 11,5 | 20 | 0,2 | 11,5 | 20 | 0,4 | 12,5 | 25 | 0,75 | 14 | 30 | 1,2 | 17 | 35 | 1,75 |
| ***Пресметка на вкупно време за инспекциски надзор*** | | | | | | | | | | | | | | | |
| *1. Време за подготовка на инспекцискиот надзор* | *0,5* | | | *0,5* | | | *0,5* | | | *1* | | | *1* | | |
| *2. Време за теренски инспекциски надзор* | *1+1=2* | | | *1+1=2* | | | *2+1=3* | | | *3+1=4* | | | *3+3=6* | | |
| *3. Време за подготовка на записник* | *1* | | | *1* | | | *1* | | | *1* | | | *2* | | |
| *4. Време за подготовка на решение* | *1* | | | *1* | | | *1* | | | *1* | | | *1* | | |
| *5. Време за спроведување на мандатна казна* | *1* | | | *1* | | | *1* | | | *1* | | | *1* | | |
| *6. Време за спроведување на постапка на порамнување/спогодување* | *1* | | | *1* | | | *1* | | | *1* | | | *1* | | |
| *7. Време за подготовка на прекршочна пријава* | *2* | | | *2* | | | *2* | | | *2* | | | *2* | | |
| *8. Време за подготовка на кривична пријава* | *3* | | | *3* | | | *3* | | | *3* | | | *3* | | |

Годишниот План ќе се дистрибуира по месеци согласно повеќе параметри врз основа на Методологијата на процена на ризици од страна на трите видови инспектори и тоа за животна средина, заштита на природата и водостопанство. Се утврдува фреквенцијата на инспекциски надзори, потоа сезонски период на работење на одреден(и) субјект(и), рокови согласно управни постапки за вршење мониторинг, изработка и доставување на годишни извештаи по области и медиуми согласно услови од дозволите, односно законските одредби.

Инспекциските надзори се вршат на територијата на целата држава согласно локацискиот распоред на субјектите предмет на надзорот, врз основа на Базата на податоци која ја поседува ДИЖС, а секој од инспекторите има мобилност и покриеност на повеќе општини.

**Идентификување и утврдување на ризикот**

(1) Утврдувањето на ризикот се спроведува од државните инспектори за животна средина, државните инспектори за заштита на природата и водостопанските инспектори во соработка со експерти од различни области на животната средина, универзитетската и бизнис заедницата преку размена на информации, увид во документација и извештаи за извршени лабораториски испитувања од надлежни инстутуции и овластени и/или акредитирани лаборатории за животна средина. Методологијата за анализа и процена на ризикот е единствена за сите субјекти кои вршат индустриска дејност, односно управуваат со заштитетни со закон подрачја и основата им е вршење водостопанска дејност.

(2) Во идентификувањето на ризикот, дополнителни фактори кои се земаат во предвид се:

- Непостапување по одредбите од Интегрираните еколошки дозволи,
- Непостапување по одредбите од Елаборатите за животната средина;
- Непостапување по одредбите од Законот за заштита на природата;
- Непостапување по одредбите од Законот за водите;
- Непостапување по одредбите од Законите за управување со отпадот, управување со пакување и отпад од пакување, управување со батерии и акумулатори и отпад од батерии и акумулатори и управување со електрична и електронска опрема и отпад од електрична и електронска опрема, односно невоспоставен систем за управување со сите текови на отпадот, немање минимум критериуми за санитарните депонии во РСМ.

## Организација и раководење

Својата мисија Државниот Инспекторат за животна средина ја остварува превентивно почитувајќи го начелото на превенција како основен постулат преку едуцирање на субјектите на надзор (организирање на обуки, семинари, работилници, издавање на брошури, информирање на индустриските оператори преку Интернет порталот на ДИЖС www.sei.gov.mk) односно преку спроведување на инспекциски надзор над физичките и правните лица (субјекти на надзорот), како и изрекување на соодветни инспекциски мерки и санкции во инспекциска постапка со цел отстранување на утврдените неправилности и непочитување на законските прописи. Визијата на Државниот Инспекторат за животна средина е базирана врз обезбедување на здрава животна средина за сите граѓани како уставна категорија преку целосно и ефикасно спроведување на законодавството и усогласување на индустријата, вршителите на активности и дејности согласно законските прописи од областа на животната средина.

Државниот Инспекторат за животна средина е орган во состав на Министерството за животна средина и просторно планирање, со својство на правно лице.

Согласно Правилникот за организација на Државниот Инспекторат за животна средина изработени се функционална анализа и систематизација со органограм на ДИЖС за кои се добиени писмени согласности во текот на месец декември 2019 година од страна на Министерството за информатичко општество и администрација.

Заради остварување на законските надлежности, обединување на повеќе меѓусебно поврзани функции, како и заради организирање, следење и координирање на работите од надлежност на одделенијата во нивните состави и унапредување на нивната меѓусебна соработка, како и заради непосредно извршување на нормативно-правни, стручно-аналитички, управни, информатичко–технолошки, оперативни и стручно-адмнистративни работи, во Инспекторатот се формираат следните оранизациски единици:

(1) **Сектор за инспекциски надзор во животната средина и природата** со следните одделенија:

- подрачно одделение за инспекциски надзор во животната средина за Скопски регион-седиште Скопје;

- подрачно одделение за инспекциски надзор во животната средина за Полошки регион-седиште Тетово;
- подрачно одделение за инспекциски надзор во животната средина за Североисточен и Источен регион-седиште Пробиштип;
- подрачно одделение за инспекциски надзор во животната средина за Пелагониски и Југозападен регион-седиште Битола и
- подрачно одделение за инспекциски надзор во животната средина за Вардарски и Југоисточен регион-седиште Струмица и
- подрачно одделение за инспекциски надзор во природата-седиште Скопје.

Секторот за инспекциски надзор во животната средина и природата се состои од шест подрачни одделенија и ги врши следните работи:

- ја остварува и спроведува годишната програма за работа на Инспекторатот;
- врши инспекциски надзор од областа на животната средина и природата;
- изготвува планови и извештаи за работата на Секторот согласно прописите за инспекциски надзор и прописите од областа на животната средина и природата;
- изготвува информации и други потребни документи за спроведување на прописите од областа на животната средина и природата;
- доставува мислења и предлози до Секторот за координација на работата на Државниот инспекторат за животна средина за покренување иницијатива за измена и дополнување на прописите од областа на животната средина и природата како и за подготовка на други документи од областа на Инспекторатот;
- врши редовно и навремено ажурирање на електронската база на податоци на Инспекторатот од извршените инспекциски надзори и се грижи за нивната точност и
- соработува со другите организациони единици во Инспекторатот за работи кои се од заеднички интерес за Инспекторатот.

(2) **Сектор за водостопанска инспекција**, со следните одделенија:

- Подрачно одделение за водостопанска инспекција – Запад-седиште Скопје и
- Подрачно одделение за водостопанска инспекција – Исток-седиште Скопје.

Сектор за водостопанска инспекција се состои од две подрачни оддленија и ги врши следните работи:

- инспекциски надзор согласно законските прописи;
- ја остварува и спроведува годишната програма за работа на инспекторатот;
- изготвува планови и извештаи за работата на Секторот согласно прописите за инспекциски надзор и прописите од областа на водите;

- изготвува информации за спроведување на прописите од областа на водите и животната средина и дава мислења за подготовка на материјали и документи од надлежност на Инспекторатот;
- доставува мислења и предлози до Секторот за координација на работата на Државниот инспекторат за животна средина за покренување иницијатива за измена и дополнување на прописите од областа на животната средина и водите како и за подготовка на други документи од областа на Инспекторатот;
- обезбедува редовно и навремено ажурирање на електронската база на податоци на Инспекторатот од извршените инспекциски надзори и се грижи за нивната точност и
- соработува со другите организацион единици во Инспекторатот за работи кои се од заеднички интерес за Инспекторатот.

(3) **Сектор за координација, општи и правни работи и јавни набавки со** следните одделенија со седиште во Скопје:
- Одделение за општи и правни работи и набавки и
- Одделение за поддршка, аналитика и меѓународна соработка на инспекторатот.

Секторот за координација, општи и правни работи и набавки ги врши следните работи:
- ја координира подготовката на планските и стратешките документи од надлежност на Инспекторатот;
- ги следи и применува прописите од делокруг на Секторот;
- ја координира подготовката на мислења, информации и други документи од областа на животната средина со другите организациони единици во рамките на Инспекторатот;
- остварува соработка во областа на нормативно-правните работи со другите органи, а особено со Министерството за животна средина и просторно планирање;
- покренува иницијатива за изменување и дополнување на прописите од областа на животната средина;
- го следи текот на прекршочните и кривичните постапки пред надлежните органи, а во кои Инспекторатот се јавува како странка;
- постапува по претставките доставени до Инспекторатот;
- ја координира подготовката и реализацијата на проекти од областа на животнта средина;
- предлага иницијативи за соработка во областа на животната средина;
- ја координира подготовката на стратешкиот план на инспекторатот;
- се грижи за одржување и функционирање на електронската база на податоци на Инспекторатот;
- се грижи за одржување, функционирање и ажурирање на веб страната на Инспекторатот;

- спроведува јавни набавки соглласно годишната програма за јавни набавки;
- се грижи за примена на прописите од областа на архивското и канцелариското работење како и прописите со кои се регулира работниот однос на вработените во Инспекторатот и
- врши и други работи кои се во надлежност на Секторот.

(4) **Одделение за финансиски прашања**

Одделението за финансиски работи на инспекторатот ги врши следните работи:

- Планирање на буџетот на инспекторатот
- Сметководствени активности за евидентирање на основните средствата согласно законската регулатива;
- Внатрешна контрола на буџетското, сметковдственото и финансиско-материјалното работење согласно Законот за буџет, Законот за извршување на буџетот, Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и другите прописи од областа на буџетското, финансиското и сметководственото работење за обезбедување на средства за потребите на инспекторатот,
- Планирање на динамика на користење на финансиските ресурси,

- Извршување на плаќање и нивно евидентирање, Управување со имотот и опремата, Подготвување на на проекции за буџетот на инспекторатот за следната година , Следење на извршување на буџетот на инспекторатот и подготовка на извештаи за искористување на буџетот; Развој на стратегии за поддршка на менаџмент активностите во рамките на инспекторатот-развој на стратегии за обезбедување дека ресурсите се користат соодветно за да се постигнат договорените и утврдени резултати.

- Вршење на Сметководствени активности (благајничко работење, ликвидатура, контирање и др.); Финансиска пресметка и евиденција; Персонална финансиска пресметка и евиденција; Планирање на приходи и расходи во фаза на подготовка и извршување на буџет; Стратешко планирање и буџетирање; Буџетска контрола; Финансиска статистика; Финансиска анализа; Финансиско известување; Евиденција и
- Управување со основни средства; Интерна финансиска контрола; Мерење на финансиски резултати (ефвикасност на функции).
- Исплата на плати, храна, превоз, даноци и придонеси од плата.

Со работата на Инспекторатот раководи Директор.

Раководител на Сектор е највисок административен службеник во Инспекторатот.

Во случај на отсуство или спреченост, Директорот го заменува административен службеник со сите негови овластувања и одговорности, врз основа на овластување од директорот на Инспекторатот.

Со секторите раководат административни службеници со звање раководител на сектор.

Во случај на отсуство или спреченост на раководителот на сектор, со секторот раководи раководител на одделение, врз основа на овластување од Директорот.

Со одделенијата раководат административни службеници со звање раководител на одделение, а во случај на отсуство или спреченост на раководителот на одделението, со одделението раководи стручен административен службеник со највисоко звање во одделението кој го определува раководителот на секторот.

За 2021 година не се планирани пензионирања на ниту еден од трите видови инспектори.

Табела 1 Преглед на бројот на инспектори кои ќе вршат инспекциски надзор, по вид, возраст и звање

| Вид | Инспектор за животна средина | | | | | | Инспектор за природа | | | | | | Инспектор за води | | | | | | Вкупно инспектори | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ниво-Звање/Возраст | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно |
| Б1 – генерален инспектор | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 |
| Б2 – главен инспектор | | | | 1 | | 1 | | | | | | 0 | | | | 1 | | 1 | | | | 2 | | 2 |
| Б3 – пом. главен инспектор | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 |
| Б4 – виш инспектор | | | | 2 | | 2 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | 2 | | 2 |
| В1 – советник инспектор | | 1 | 4 | 7 | | 12 | | | 1 | | | 1 | | | | 1 | | 1 | | 1 | 5 | 8 | | 14 |
| В2 – самостоен инспектор | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 |
| В3 – помошник инспектор | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 |
| В4 – помлад инспектор | 1 | | | | | 1 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 1 |
| Вкупно | 1 | 1 | 4 | 10 | 0 | 16 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 19 |

*Табела 2 План за нови вработувања и пензионирања на инспектори*

| Вид | Инспектор за животна средина | | | Инспектор за природа | | | Инспектор за води | | | Вкупно инспектори | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ниво-Звање/Возраст | Враб. | Пенз. | Разлика | Враб. | Пенз. | Разлика | Враб. | Пенз. | Разлика | Враб. | Пенз. | Разлика |
| Б1 – генерален инспектор | 0 | 0 | **0** | 0 | 0 | **0** | 0 | 0 | **0** | **0** | **0** | **0** |
| Б2 – главен инспектор | 0 | 0 | **0** | 0 | 0 | **0** | 0 | 0 | **0** | **0** | **0** | **0** |
| Б3 – пом. глав. инспектор | 0 | 0 | **0** | 0 | 0 | **0** | 0 | 0 | **0** | **0** | **0** | **0** |
| Б4 – виш инспектор | 0 | 0 | **0** | 0 | 0 | **0** | 0 | 0 | **0** | **0** | **0** | **0** |
| В1 – советник инспектор | 4 | 0 | **4** | 0 | 0 | **0** | 0 | 0 | **0** | **4** | **0** | **4** |
| В2 – самостоен инспектор | 0 | 0 | **0** | 0 | 0 | **0** | 0 | 0 | **0** | **0** | **0** | **0** |
| В3 – помошник инспектор | 0 | 0 | **0** | 0 | 0 | **0** | 0 | 0 | **0** | **0** | **0** | **0** |
| В4 – помлад инспектор | 4 | 0 | **4** | 1 | 0 | **1** | 1 | 0 | **1** | **6** | **0** | **6** |
| Вкупно | 8 | 0 | **8** | 1 | 0 | **1** | 1 | 0 | **1** | **10** | **0** | **10** |

## Инспекциски надзор

Општи Цели кои треба да се остварат со инспекцискиот надзор се:

- зголемување на степенот на спроведување на законодавство од областа на животната средина во однос на 2020 година,
  Индикатор: Извештај за прогресот на РСМ, (напомена дека во моментов нема Стратегија за спроведување на законодавството од областа на животната средина),
- целосно реализирање на месечните планови на трите видови инспектори,
  Индикатор: Шестмесечен/Годишен Извештај
- практична примена на одредбите од законите, уредбите и правилниците од страна на правните субјекти кои се предмет на надзор,
  Индикатор: Немање/Намалување на број на санкции
- мониторинг на условите одредени во еколошките дозволи и елаборатите за заштита на животната средина и нивна применливост во пракса
  Индикатор: Континуирано при спроведувањето на инспекциските надзори
- превенција од евентуални штети предизвикани од секаков вид на неспроведување на задолженијата од дозволите и еколошките елаборати; Основно начело на европскиот пристап на инспекциските служби во животната средина, начело од Законот за инспекциски надзор,
  Индикатор: Немање еколошки инциденти
- навремено преземање мерки и санкции заради намалување или отстранување на последиците од неспроведување на законските одредби од страна на субјектите кои се предмет на надзор;
  Индикатор: Акти во инспекциска постапка
- воспоставување и спроведување законски процедури, мерки и активности за намалување на неправилностите во работењето и намалување на евентуалниот ризик по заштитата на животната средина; Органзација на едукација, обуки
- ефективно и ефикасно користење на капацитетите и човечките ресурси на субјектите предмет на инспекцискиот надзор во заштитата на животната средина;

Индикатор: Примена на Методологијата за интегрирана процена на ризици при планирањето на надзорите.

Табела 3 Преглед на вкупниот број на очекувани неправилности и инспекциски надзори според вид во 2021 година, по региони и општини

Планирањето на редовните инспекциски надзори е направено врз основа на анализи на секој од трите типови инспектори поединечно согласно статусот на правните субјекти и нивната физичка локација по општини во однос на усогласеноста со регулативата и условите од различните типови на дозволи и секако анализи од инспекциските надзори во годините station наназад.

Од страна на Државните Инспектори има максимална посветеност во однос на спроведувањето на законодавството од областа на животната средина посебно од отпочнување на процесот на интегрирано спречување и контрола на загадувањето од 2006 година до денешен ден што резултира со намалување на еколошки инциденти од страна на субјектите, а соодветно на тоа и бројот на очекувани неправилности, како и акти во инспекциска постапка, решенија, платни налози, покренување постапки за санкционирање како прекршочна или кривична постапка и т.н ”паметно” планирање на редовните инспекциски надзори

Годишниот план за вршење на редовни инспекциски надзори е направен врз пресметката на ризикот кој произлегува од Методологијата за проценка на ризик која е одобрена од страна на Инспекциски Совет, а која е направена за областите на животна средина, заштита на природата и водостопанство. За секоја од областите се формирани подгрупи на ризик, во кои се дадени критериуми, соодветни и специфични за областа, со користење на индикатори преку кои им се дава „вредност на ризикот“ на критериумите, односно на субјектите кои припаѓаат во соодветната група. Секој од трите видови инспектори во ДИЖС има посебна ексел табела за секој од правните субјекти кои се предмет на надзор врз основа на Базата на податоци со која располага Инспекторатот.

| Ред.Бр. | Регион/Општина | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилн. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонред. надзор | Контрол. надзор | | |
| | **Вардарски регион** | **161** | **12** | **10** | **183** | **8** |
| 1 | Велес | 25 | 2 | 2 | 29 | 2 |
| 2 | Градско | 9 | 1 | 1 | 11 | |
| 3 | Демир Капија | 9 | 1 | 1 | 11 | 1 |
| 4 | Кавадарци | 60 | 2 | 2 | 64 | 2 |
| 5 | Лозово | | | | | |
| 6 | Неготино | 24 | 2 | 2 | 28 | 1 |
| 7 | Росоман | 14 | 1 | 1 | 16 | 1 |
| 8 | Свети Николе | 11 | 3 | 1 | 15 | 1 |
| 9 | Чашка | 6 | | | 6 | |
| | **Источен регион** | **163** | **34** | **39** | **236** | **10** |
| 10 | Берово | 17 | 1 | 3 | 21 | 1 |

| Ред.Бр. | Регион/Општина | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилн. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонред. надзор | Контрол. надзор | | |
| 11 | Виница | 13 | 2 | 2 | 17 | 1 |
| 12 | Делчево | 11 | 1 | 1 | 13 | 1 |
| 13 | Зрновци | 11 | 3 | 4 | 18 | 0 |
| 14 | Карбинци | 11 | | | 11 | 0 |
| 15 | Кочани | 16 | 5 | 5 | 26 | 2 |
| 16 | Македонска Каменица | 11 | 2 | 1 | 14 | 1 |
| 17 | Пехчево | 6 | 1 | 2 | 9 | 1 |
| 18 | Пробиштип | 21 | 1 | 3 | 25 | 1 |
| 19 | Чешиново-Облешево | 6 | 3 | 3 | 12 | 0 |
| 20 | Штип | 40 | 10 | 10 | 60 | 2 |
| | **Југозападен регион** | **192** | **14** | **17** | **223** | **6** |
| 21 | Вевчани | 5 | | | 5 | 0 |
| 22 | Дебар | 6 | 1 | 1 | 8 | 1 |
| 23 | Дебрца | 9 | | | 9 | 0 |
| 24 | Кичево | 41 | 3 | 5 | 49 | 1 |
| 25 | Македонски Брод | 28 | 2 | 3 | 33 | 0 |
| 26 | Охрид | 59 | 5 | 5 | 69 | 2 |
| 27 | Пласница | 2 | | | 2 | 0 |
| 28 | Струга | 41 | 3 | 3 | 47 | 2 |
| 29 | Центар Жупа | 1 | | | 1 | 0 |
| | **Југоисточен регион** | **197** | **12** | **24** | **233** | **9** |
| 30 | Богданци | 21 | 1 | 1 | 23 | 1 |
| 31 | Босилово | 6 | 1 | 2 | 9 | 0 |
| 32 | Валандово | 21 | 1 | 2 | 24 | 1 |
| 33 | Василево | 11 | 1 | 2 | 14 | 0 |
| 34 | Гевгелија | 54 | 2 | 5 | 61 | 2 |
| 35 | Дојран | 14 | 1 | 1 | 16 | 1 |
| 36 | Конче | 2 | 1 | 1 | 4 | 0 |
| 37 | Ново Село | 6 | 1 | 2 | 9 | 0 |
| 38 | Радовиш | 13 | 1 | 3 | 17 | 2 |
| 39 | Струмица | 49 | 2 | 5 | 56 | 2 |
| | **Пелагониски регион** | **180** | **4** | **5** | **189** | **7** |
| 40 | Битола | 75 | 2 | 2 | 79 | 2 |
| 41 | Демир Хисар | 16 | | | 16 | 1 |
| 42 | Долнени | 5 | | | 5 | 0 |
| 43 | Кривогаштани | 2 | | | 2 | 0 |
| 44 | Крушево | 4 | | | 4 | 0 |
| 45 | Могила | 3 | | | 3 | 0 |
| 46 | Новаци | 4 | | | 4 | 1 |
| 47 | Прилеп | 40 | 2 | 2 | 44 | 2 |
| 48 | Ресен | 31 | | 1 | 32 | 1 |
| | **Полошки регион** | **309** | **28** | **36** | **373** | **6** |
| 49 | Боговиње | 26 | 3 | 4 | 33 | 0 |
| 50 | Брвеница | 31 | 4 | 4 | 39 | 0 |
| 51 | Врапчиште | 11 | 1 | 1 | 13 | 0 |
| 52 | Гостивар | 59 | 3 | 3 | 65 | 2 |
| 53 | Желино | 24 | 3 | 5 | 32 | 0 |
| 54 | Јегуновце | 17 | | 1 | 18 | 0 |

| Ред.Бр. | Регион/Општина | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилн. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонред. надзор | Контрол. надзор | | |
| 55 | Маврово и Ростуша | 37 | 5 | 5 | 47 | 2 |
| 56 | Теарце | 21 | 3 | 4 | 28 | 0 |
| 57 | Тетово | 83 | 6 | 9 | 98 | 2 |
| | **Североисточен регион** | **46** | **5** | **6** | **57** | **5** |
| 58 | Кратово | 11 | | 1 | 12 | 1 |
| 59 | Крива Паланка | 12 | 2 | 2 | 16 | 2 |
| 60 | Куманово | 13 | 1 | 1 | 15 | 2 |
| 61 | Липково | 3 | | | 3 | 0 |
| 62 | Ранковце | 6 | 1 | 1 | 8 | 0 |
| 63 | Старо Нагоричане | 1 | 1 | 1 | 3 | 0 |
| | **Скопски регион** | **435** | **31** | **30** | **496** | **25** |
| 64 | Аеродром | 4 | | | 4 | 1 |
| 65 | Арачиново | 2 | | | 2 | 1 |
| 66 | Бутел | 18 | 1 | 1 | 20 | 2 |
| 67 | Гази Баба | 82 | 4 | 4 | 90 | 3 |
| 68 | Горче Петров | 19 | 1 | 1 | 21 | 2 |
| 69 | Зелениково | 2 | 1 | 1 | 4 | 1 |
| 70 | Илинден | 25 | 2 | 2 | 29 | 1 |
| 71 | Карпош | 30 | 3 | 3 | 36 | 1 |
| 72 | Кисела Вода | 81 | 4 | 4 | 89 | 2 |
| 73 | Петровец | 11 | 2 | 2 | 15 | 1 |
| 74 | Сарај | 2 | | | 2 | 2 |
| 75 | Сопиште | 1 | 1 | | 2 | 1 |
| 76 | Студеничани | 18 | 2 | 2 | 22 | 1 |
| 77 | Центар | 24 | 3 | 3 | 30 | 1 |
| 78 | Чаир | 10 | | | 10 | 1 |
| 79 | Чучер-Сандево | 19 | 1 | 1 | 21 | 2 |
| 80 | Шуто Оризари | 2 | 1 | 1 | 4 | 2 |
| 81 | Скопје | 85 | 5 | 5 | 95 | 2 |
| **ВКУПНО** | | **1.683** | **140** | **167** | **1.990** | **76** |

*Напомена: Согласно Законот за инспекциски надзор јасно е опишано што претставуваат редовни, вонредни односно контролни инспекциски надзори. Планирањето како поим е пред се наменето за редовните инспекциски надзори кои се планираат однапред и дел се најавени кај правните субјекти кои се предмет на надзорот.

Бројката на редовни планирани надзори е реална и неможе да се доведува во никаква корелација со претходни години, затоа што секоја година е различна секоја за себе, пред се од усогласеноста на субјектите со законодавството и различната фреквенција на инспекциски надзори врз основа на Методологијата на ризици при инспекциските надзори во областа на животната средина и различните барања од европските директиви во делот на инспекција во животната средина.

Во случајот кај вонредните и контролните инспекциски надзори истите не се планираат однапред, односно единствено е возможно следење на трендовите и анализите од претходни области, по региони, општини и секако закони како најмериторен индикатор. Оваа анализа е посебно од значење за планирање на времето кое секој од трите типови на инспектори го имаат на располагање во текот на месецот, односно со одредени вонредни инспекциски надзори да не се наруши балансот за планираните редовни инспекциски надзори.

-Вонредните инспекциски надзори се вршат при вонредни ситуации/настани затоа е и самиот назив вонредни, односно по претставки и иницијативи и однапред неможе да се планираат и да се знае дали и колку ќе има иницијативи од физички и правни лица, органи на државна и локална управа, Инспекцкиски Совет, Министер, Директор. Планирањето однапред може да доведе до нарушување на критериумот за успешност на инспекторите при планирани вонредни и нереализирани.

-Контролните инспекциски надзори се надзори кои се вршат доколку инспекторот има изготвено акт во инспекциска постапка-решение со мерки и даден рок и по неговиот истек се врши контролен инспекциски надзор, тие не се и неможат да бидат во директна корелација со бројот на очекувани неправилности, затоа што може да се случи и контролен надзор кај правен субјект кај кој не се очекувани неправилности и однапред неможе да се планираат. Овие надзори единствено може да се прикажат во месечните планови на Инспекторатот каде од месец до месец однапред се знае дали ќе има или нема контролен инспекциски надзор. И овој вид на надзор е јасно опишан во Законот за инспекциски надзор

Во текот на 2021 година согласно легислативата, 25 закони и околу 250 подзаконски акти планирани да се реализираат се 2.030 редовни инспекциски надзори, а следејќи ги анализираните трендови од годините наназад може да се очекува одреден број на вонредни (110), односно одреден број на контролни инспекциски надзори во зависност од донесените акти во инспекциска постапка.

## Обука на инспекторите и административните службеници

Во текот на 2021 година согласно Годишната програма за работа, ДИЖС ќе врши континуиран професионален развој на Државните инспектори и другиот стручно-административен кадар преку спроведување на систем и програма за професионален развој на вработените односно, унапредување на знаењата и способностите со цел, квалитетно и ефикасно вршење на инспекцискиот надзор што е во согласност со стратегијата за понатамошно развивање на инспекцискиот систем во Република С.Македонија и добрата европска пракса. Од страна на ДИЖС се изработени посебни Годишни Програми за специјализирани обуки за државните инспектори во ДИЖС детално опишани во истата, односно генерички обуки за административците, а сите државни инспектори во Државниот Инспекторат за животна средина за 2021 година е планирано да присуствуваат на следните три генерички обуки согласно Годишната Програма за генерички обуки изработена од Инспекцискиот Совет:

Тема 1.2 – Инспекциски надзор (Закон за инспекциски надзор и Упатство за начинот на спроведување на инспекциски надзор)
12 часа предавања/вежби

Тема 1.4 – Постапување по претставки и предлози, прекршочни одредби (Закон за постапување по предлози и претставки)
6 часа предавања/вежби

Тема 1.5 – Канцелариско работење, архивско работење (Уредба за канцелариско и архивско работење)
6 часа предавања/вежби

Сите државни инспектори од Државниот Инспекторат за животна средина ќе имаат континуирани специјализирани обуки за материјалните закони по системот на е-обуки, области: животна средина, заштита на природата, водостопанство, односно сите закони за кои се надлежни од овие три области.

## Буџет и финансирање

Предлог Буџетот за 2021 година изнесува 44.475 милиони денари, од кои 29.475 милиони денари се расходи од основен буџет, а преостанатите 15 милиони денари се расходи од донации за потребите на ЕУ проекти. Со овие средства може непречено да се реализира Годишниот План за работа на ДИЖС за 2021 година, односно исплата на месечен надомест на моментно вработените лица, а во текот на 2021 година согласно Функционалната Анализа, постојната Систематизација и Годишниот План за вработувања очекувањата се да се реализираат нови

вработувања на инспектори. Исто така со средствата од буџетските ставки се врши редовно сервисирање на надоместоци за канцелариите во и надвор од Скопје (струја, вода, ѓубретарина, наем, загревање), потоа регистрација и сервис на службените моторни возила, надомест за гориво, услуги за мобилна телефонија и интернет, ИКТ-(Информациско Комуникациска Технологија) одржување, редовен систематски преглед и осигурување на сите вработени и возилата, набавка на средства за работа (записници за констатација, службени легитимации, деловодници, итн), останати потреби на Инспекторатот, надоместоци-дневници за реализирани службени патувања надвор од државата итн.

Линк до Предлог Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година.

https://finance.gov.mk/files/u6/BUDZET%202021%20%28verzija%20za%20sobranie%29%2011.11.2020%20%282%29.pdf (страници 241-242)

## Меѓународна соработка

Меѓународната активност е посебно нагласена години наназад и важна при секојдневното работење на Инспекторатот.

Членувањето во еминентанта европска мрежа на Инспекторатите за животна средина од мај 2006 година IMPEL, е од огромно значење посебно во делот на хармонизацијата и пристапот на инспекцскиот надзор во областа на животната средина со европскиот систем на работење, потоа членувањето во Европската Мрежа на Обвинители за животна средина заедно со Здружението на Јавни Обвинители на Македонија, како и делот на тесната соработка со Европол-Мрежата за сузбивање на Криминалот во животната средина.

- Учество на настани организирани од IMPEL Мрежата на Инспектори за животна средина од ЕУ, каде сме полноправен член од мај 2006 година, EPPA Мрежата во делот за криминал во животната средина и природата која започна со активности 2019 година и ќе трае три години, односно до 2021 година, зајакнување на капацитетот за ефиикасно спроведување на законодавството од областа на животната средина.

- Настани во РСМ, TAIEX Програми, останати настани од други проекти, конференции, дебати, панел дискусии по закони и сл., размена на информации за активности реализирани претходно и планови за иднина, како и дискусии за моментни состојби со животна средина сврзани со инспекцскиот надзор.
- Учество на 1 ЕУ INTERREG Проект во Југоисточен Плански регион, во тек е изработката на Студија за Моноспитово Блато сврзана со состојбата на истото и биодиверзитетот и промоција на заштитетни подрачја и туризам во прекугранично контекст С.Македонија-Грција.
- **Рок: Континуирано во текот на првата половина на 2021 година.**

## Други активности на инспекциската служба

Државниот инспекторат за животна средина во текот на 2021 година ќе ги изготви следните активности:

Државниот Инспекторат за животна средина врз основа на извршениот инспекциски надзор во 2021 година ќе изготви

- 1. Годишен Извештај за работата на ДИЖС во текот на 2020 година
- **Рок: 15 Јануари 2021 година, согласно Законот за Инспекциски надзор, по што истиот до 31 Јануари 2021 година ќе го достави до Инспекцискиот Совет.**
- Шестмечен Извештај за работата на ДИЖС во текот на 2021 година
- **Рок: 15 Јули 2021 година, согласно новиот Закон за Инспекциски надзор, по што истиот до 31 Јули 2021 година ќе го достави до Инспекцискиот Совет.**
- 2. Годишен План за работа на ДИЖС за 2022 година.
- **Рок: 15 ноември согласно Законот за инспекциски надзор, по што истиот ќе го достави до Инспекцискиот Совет.**
- 3. Информации до Влада на РСМ, Комитети, за специфични надзори или по одреден заклучок.
- **Рок: Јануари-Декември 2021 година.**

- 4. Публикација на различен тип информации согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер на Интернет страната на ДИЖС. Годишен Извештај, рок до крај на јануари 2021 година.
- **Рок: Континуирано.**
- 5. Надополнување/Изготвување на Листи за проверка за вршење инспекциски надзор за различен тип индустриски инсталации.
- **Рок: Континуирано.**
- 6. Припрема на Извештај за ризици во животната средина.
- **Рок: Континуирано.**
- 7. Припрема на Извештај за спроведливоста т.е степенот на практична примена на законодавството за животна средина.
- **Рок: Континуирано.**

*Соработка со останати институции*

- ДИЖС партиципира во решавање на еко-инциденти и нивна превенција, вклучен е во процесот на издавање ИСКЗ дозволи односно, учествува со стручни мислења од инспекциски аспект по предлог закони и предлог подзаконски акти, ставови и извештаи за останати државни институции и други организации, а остварува континуирана соработка со Полицијата, Царинската Управа, Дирекцијата за заштита и спасување, Центарот за Управување со кризи (Стандардни Оперативни процедури и Симулациски вежби), Армијата на РСМ (НАТО вежби), Црвениот Крст, наставно-научните институции при Универзитетите во РСМ и др. институции на централно, локално, регионално ниво како ЗЕЛС и општините во државата. Исто така ДИЖС соработува и со правосудните органи и Академијата за Судии и Обвинители.

- ДИЖС согласно Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер обезбедува пристап до истите и соработува со Комисијата за слободен пристап до информации од јавен карактер, а исто така целосно се почитуваат и законските одредби од Законот за заштита на личните податоци.

- Ваквата соработка, Инспекторатот ќе ја остварува и со Инспекцискиот Совет согласно законската рамка, со Државните Инспекторати и инспекциските служби на локално ниво пред се со Овластените инспектори за животна средина.

- Во рамките на ваквата соработка, по потреба ќе се организираат активности за заедничко делување и обуки, како и координирани инспекции за поефикасно спроведување на законодавството.

- **Рок. Континуирано.**

- Обука за водење инспекциска постапка, архивирање и деловодничко водење на документацијата, како и специјализирани обуки на сите Државни Инспектори од повеќе области.

- **Рок: Континуирано.**

- Согласно Конвенцијата за прекугранично загадување, ДИЖС ќе потпише Меморандуми за соработка со Партнер Инспекторатите од соседството со кои ќе се договорат стратешки цели во делот на инспекцискиот надзор во прекуграничен контекст.

**Архивски Број:     02-54/22**

**09.12.2020 година**

**Изработил:**

**Сектор за координација, општи и правни работи и јавни набавки**

Имрије Лума Мемеди, Помлад Соработник

Дарко Блинков, Раководител на Одделение

**Приматели на Годишниот План за 2021 година:**

-Сектор за инспекциски надзор во животната средина и природата

-Сектор за Водостопанска Инспекција

-Сектор за координација, општи и правни работи и јавни набавки

-Одделение за финансиски прашања

В.Д ДИРЕКТОР

**Ана Петровска**

_________________________